Јавно претпријатие за комунални дејности КОМУНАЛЕЦ
Бр 01-1712/1
05.12 2025 год.
Гевгелија

# Програма за работни активности на ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија за 2026 година

Декември 2025 година

СОДРЖИНА

1. Вовед 2
2. Опис на претпријатието 3
3. Сектор за заеднички работи 4
3.1 Одделение за сметководство и финансии 4
- Планирани годишни приходи од активностите во Програмата за 2026 година 5
- Планирани трошоци од активностите во Програмата за 2026 година 6
3.2 Одделение за комерција 6
- Автобуска станица Гевгелија 9
3.3 Одделение за општи и правни работи 9
3.4 Одделение за план и анализа 10
4. Одделение паркинзи 11
5. Сектор водовод и канализација 11
5.1 Одделение за производство на вода 12
- План на производство на вода во 2026 година 12
- Анализа и контрола на водата за пиење 14
5.2 Одделение за водовод 15
5.3 Одделение за канализација 18
- Одржување и изведба на нови линии 20
5.4 Одделение за пречистување на отпадни води 21
6. Сектор комунална хигиена 21
6.1 Собирање, транспортирање и депонирање на комуналец, комерцијален и друг вид на неопасен цврст отпад 22
- Оперативен дел 23
- Одржување на возен парк 28
- Одржување и обновување на урбана опрема 28
- Тековно одржување на општински објекти 28
- Одржување на градска депонија и расчистување на други депонии 28
6.2 Одржување чистота на јавни прометни површини 29
- Зимско одржување на улици и јавни површини 31
- Градски пазар 32
6.3 Управување и одржување на градски гробишта со капела 32
6.4 Прифатилиште за бездомни животни 33
7. Сектор паркови и зеленило 34
- Табела со локации и површини каде ќе се врши косење и наводнување на паркови 36

# 1.ВОВЕД

Годишната програма за работа во 2026 година поаѓа од целите и интересите утврдени со надлежностите пренесени од основачот Општина Гевгелија.

Програмата преставува рамка на активности со кои претпријатието делува за постигнување на очекуваните резултати во работењето, а во согласност со расположливите средства за работа и достигнатиот степен на развој.

Активностите се регулирани со дејностите утврдени во основачките акти и одлуките на Советот на Општина Гевгелија прилагодени според важечките законски прописи.

Програмата за работа претставува претставува законска обврска и основа за работење на претпријатието во 2026 година, а неговата реализација претпријатието ќе ја оствари во соработка со Локалната самоуправа - Општина Гевгелија, во соработка со граѓаните корисници, деловните партнери и корисници на услуги.

Програмата е краткорочен развоен документ за кои нашите настојувања се постигнување на што подобри резултати во работењето. Како резултат на имплементацијата на предвидените проекти за наредниот период, имаме намера да го продолжиме развојното ниво на услугите спрема нашите корисници на се повисоко нивопреку добивање на стабилни комунални услуги со континуирано унапредување на животната средина преку запазување на сите меѓународни еколошки стандарди и прописи.

Сето тоа треба да биде пропратено со финансиско и оперативно зајакнување на претпријатието, бидејќи само така можеме да ги реализираме поставените задачи и цели. Како јавно претпријатие кое делува со самофинансирање од сопствените дејности, Комуналец извршува и непрофитни дејности кои се регулирани со финансирање преку договори од програмите на основачот Општина Гевгелија.

Освен преку транспарентното прикажување на реализацијата на програмата преку кварталните извештаи до Советот на Општина Гевгелија, ЈПКД Комуналец доставуа редовни извештаи и до други државни институции, тела и надлежни регулатори.

Во оваа Програма за работа се содржани пооделните програми на секторите на претпријатието, а тоа се програмите на: Сектор за заеднички работи, Одделение паркинзи, Сектор водовод и канализација, Сектор комунална хигиена и Сектор паркови и зеленило.

## 2. ОПИС НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

ЈПКД „Комуналец" Гевгелија е формирано од Народниот одбор на Општина Гевгелија на 17.02.1955 година. Со донесување на Законот за јавни претпријатија (1996 година) и Законот за комунални дејности (1997 година) се регулираше работењето на претпријатието за комунална дејност на подрачјето на една општина.На 09.06.1998 година со Одлука на Советот на општина Гевгелија бр.07-70/5, претпријатието е трансформирано во Јавно претпријатие за комунални дејности „Комуналец" Гевгелија со седиште во Гевгелија. Истото е регистрирано во Основен суд Скопје I – Скопје со трговски регистарски број 11183/98 од 28.01.1999 година. Основач на јавното претпријатие е Општина Гевгелија која ги има сите права и обврски кои произлегуваат од Законите и другите прописи.

Претпријатието ги врши следниве основни дејности:
- Собирање, обработка и снабдување со вода за пиење;
- одведување и пречистување на отпадни води;
- одведување на атмосферски води;
- собирање, обработка и отстранување на безопасен отпад;
- изградба на други објекти од нискоградба, неспомнати на друго место;
- одржување на комунални уреди и опрема;
- услужни дејности поврзани со копнениот превоз;
- одржување на јавна чистота;
- одржување на паркови, зеленило, парк-шуми, водни и рекреативни површини ;
- одржување на гробови и гробишта;
- одржување и користење на пазари;
- еридикација на животни скитници;
- одржување на јавни санитарни јазли;
- дезинфекција, дезинсекција и дератизација.

Статутот предвидува ЈПКД да е независен субјект, управуван од страна на директор, кој го именува Градоначалникот на Општината.

Органи на претпријатието се Управниот одбор и Надзорниот одбор, кои ги избира Советот на Општината.

Структурата на ЈПКД „Комуналец"Гевгелијасе состои од четири сектори: Сектор за заеднички работи, Сектор водовод и канализација, Сектор комунална хигиена и Сектор паркови и зеленило.

## 3. СЕКТОР ЗА ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ

Во Секторот за заеднички работи има 4 одделенија:

- Одделение за сметководство и финансии;
- Одделение за комерција;
- Одделение за општи и правни работи и
- Одделение за план и анализа.

### 3.1.Одделение за сметководство и финансии

Одделението за сметководство и финансии во 2026 година ќе ги реализира следниве активности:

- ажурно водење на целокупното материјално и финансиско работење според Законот за сметководство, меѓународни сметководствени стандарди и меѓународни стандарди за финансиско известување;
- навремено прибирање на документи од одделението за комерција, одделението за општи и правни работи, одделението за план и анализа и архива, материјална евиденција од магацинот, изводите за состојбата на паричните средства во деловните банки и слично. По нивното прибирање, се врши подготвување на документацијата и ажурирање во книговодствените книги по хронолошки редослед;
- наплата на сметки за домаќинства, фактури од правни и физички лица на благајна, тужби кон физички лица, дневен пазар од автобуска станица, дневен пазар од зонско паркирање, прилив од градски пазар, како и уплата на дневниот пазар од благајните на трансакциска сметка во деловните банки;
- секојдневно изготвување касови извештаи, односно евидентирање на благајничкото работење и ажурирање во сметководствените книги;
- секојдневно превземање на уплати од електронската платформа за плаќање на сметки;
- обработка на материјалната евиденција со изготвување на приемници и задолжување на магацинот, воедно и негово раздолжување и вршење на усогласување со материјалната евиденција што се води во магацинот;
- месечна пресметка на плати и нејзино реализирање преку исплата на придонеси, персонален данок, нето плати и надоместоци на плата;
- изготвување месечна пресметка на данок на додадена вредност со евидентирање на влезните и излезните фактури;
- изготвување месечна и годишна пресметка на данокот на добивка;
- изготвување тримесечни и годишни финансиски извештаи, изготвување на годишната сметка, како и достава до надлежните институции;
- изготвување на годишни извештаи за спроведување на тарифи за водни услуги до РКЕВУ;
- изработка на нов Бизнис план за период 2027-2029 година и Барање за тарифи за водни услуги за период 2027-2029 година до РКЕВУ;
- аналитичко раскнижување на касови извештаи, банкови изводи; изготвување и раскнижување компензации за правни лица;

- изготвување на пресметка за амортизација на основните средства на секои три месеци;
- книговодствено усогласување со комитентите со испраќање ИОС обрасци за усогласување на состојбата на побарување од купувачи и обврски према добавувачи;
- следење на финансиската ситуација и согласно расположливите средства се врши исплата на обврски спрема добавувачите и други обврски;
- врши исплати по основ на заем од KfW банка два пати годишно;
- учествува во изготвување на годишната програма, финансиски план, извештај за работа и ја следи реализацијата на програмата и бизнис планот;
- изготвување на потребни извештаи за органите на управување;

**<u>Планирани годишни приходи од активностите на Програмата за 2026 година:</u>**

| ОПИС | ПЛАНИРАНО ЗА 2026 |
|---|---|
| **Приходи од редовна дејност** | |
| - Приходи од вода | 56.000.000 |
| - Приходи од канализација | 16.000.000 |
| - Приходи од пречистување на отпадни води | 15.500.000 |
| - Приходи од чистота | 48.000.000 |
| - Приходи од гробарина, капела и др | 5.000.000 |
| - Приходи од пазар | 400.000 |
| - Приходи од водоводни услуги | 2.500.000 |
| - Приходи од градежна група и канализација | 2.000.000 |
| - Приходи од баждарење | 2.200.000 |
| - Приходи од одржување ЈПП, паркови и депонии, поправка и одржување урбана опрема, ветеринарни услуги | 18.000.000 |
| - Приходи од автобуска станица | 2.500.000 |
| - Приходи од зонско паркирање | 5.000.000 |
| - Останати приходи | 200.000 |
| **Вкупно** | **173.300.000** |
| **Други приходи** | |
| - Останати приходи од работење – амортизација | 30.000.000 |
| - Приходи од нотарски, адвокатски и судски трошоци | 1.500.000 |
| - Останати приходи | 700.000 |
| - Наплатени отпишани побарувања | 500.000 |
| **Вкупно** | **32.700.000** |
| **Вкупно** | **206.000.000** |

**Планирани трошоци за реализација на активностите од Програмата за 2026 година:**

| ОПИС | ПЛАНИРАНО ЗА 2025 |
|---|---|
| Потрошени суровини и материјали | 8.000.000 |
| Потрошен канцелариски материјал | 800.000 |
| Потрошени резервни делови | 2.000.000 |
| Трошоци за ситен инвентар и отпис на гуми | 500.000 |
| Трошоци за енергија<br>-Електрична енергија<br>-Гориво за моторни возила<br>-Останати трошоци за енергија | <br>22.000.000<br>5.000.000<br>600.000 |
| Производни, транспортни, ПТТ, интернет и други услуги за одржување | 6.000.000 |
| Плата и надоместоци на плата | 110.000.000 |
| Останати трошоци за вработени, дневници за службено патување и надомест за членови на Управен и Надзорен одбор | 4.500.000 |
| Трошоци за амортизација | 38.000.000 |
| Трошоци за промоција, пропаганда, реклама и спонзорство | 100.000 |
| Трошоци за осигурување | 1.700.000 |
| Вредносно усогласување на побарување | 200.000 |
| Банкарски услуги, даноци кои не зависат од резултатот, трошоци за финансиска ревизија, останати трошоци | 4.000.000 |
| Останати расходи од работење (расходи по основ одобрение за погреб) | 1.000.000 |
| Расходи врз основ на камати од работење, негативни курсни разлики и останати финансиски расходи | 500.000 |
| **ВКУПНО** | **204.900.000** |

### 3.2.Одделение за комерција

Во одделението за комерција во текот на 2026 година се планираат следните годишни активности:

- читање на водомери и контрола на состојба на водомери, (редовна месечна контрола на водомери со далечинско отчитување, контрола на механички водомери и читање состојби, евиденција во месечна книга, изготвување списоци за неисправни водомери и доставување податоци за нивна замена);
- внесување и обработка на податоци за месечни сметки и фактури;

- спроведување на цените за 2026 година во согласност со одлуките на Регулаторна комисија и Совет на Општина Гевгелија;
- анализа на податоци за услугите за вода, одведување и за прочистување на отпадните води;
- ажурирање на податоците на корисниците, преку достава на формулари во хартиена форма;
- обработка и дополнување на постоечките матични податоци согласно законски регулативи,промена и дополнување на други податоци на корисниците (за одведување урбани отпадни води кај новите приклучоци каде се изведува канализација, дополнување на евиденцијатаза изнесување отпад кај корисници, внес на податоци за прочистување на отпадни води,доколку се корисниците приклучени на овој систем и сл.), за правните лица -достава на фактури во хартиена форма ќе остане и во оваа година и ќе се воведе услугата: по согласност на корисникот, достава на фактура на меил согласно законската регулатива;
- обновување на договорите со корисниците Правни лица, за ажурирање на податоците за дворни и покриени површини и со корисниците Физички лица за ажурирање на податоците за дворни и станбени површини, обновување на договори за гробно место и потпишување на нови;
- доколку се постигне договор помеѓу двете општини ќе се превземат активности за префрлање на фактурирањето на водата во реон 5 за населено место Стојаково и Селемлија во надлежност на комуналното претпријатие од Богданци;
- месечна компјутерска обработка на доставени податоци;
- месечно изготвување сметки (за физички) и фактури (за правни) лица и нивна дистрибуција;
- редовна и навремена достава на сметки и фактури;
- фактурирање на останати услуги и извршени работи;
- годишно изготвување на сметки за гробарина на корисниците за оваа услуга;
- финансиско задолжување по корисник по шифра за физички лица и по шифра за правни лица, со изготвување месечни извештаи за секој реон;
- фактурирање услуги кон корисниците и оператори на погребалните услуги;
- изготвување и издавање одобренија за погребални услуги кон корисниците и операторите на погребалните услуги;
- евиденција на побарувања и евиденција на наплата по услуги во тримесечни извештаи;
- изготвување месечни пресметки по инкасатор со искажување на посебни податоци за вода, одведување, прочистување, ѓубретарина, погребни услуги, баждарење, надоместоци и други услуги и пресметка на данок на додадена вредност;
- изготвување месечни пресметки за правни лица со сите параметри од фактури;
- изготвување на извештаи за наплата од домаќинства;
- изготвување на извештаи за наплата од правни лица;

- спроведување на измени на постоечкиот распоред по реони, по потреба дополнителни промени;

Основна цел ќе биде подобрувањето на процентот на наплата кој ќе се спроведува со одредени мерки преку следните активности:

- повеќе контакти на инкасаторите на лице место со корисниците;
- понудување на можност за потпишување договори за отплата на рати;
- дополнување на податоците за секој корисник-домаќинство со склучување на договори со сите останати корисници и правни и физички лица кои не го сториле тоа;
- редовност во контролата на состојбата на водомерите, посета на лице место при секоја пријава и реакција;
- воведување на новиот модул на отчитување на водомер според зададени координати;
- пријавување на неисправни водомери за поправка и баждарење или замена на водомер;
- достава на опомени по неплатен долг-изготвени од правна служба, преку инкасатори;
- соработка во изготвување на списоци за изработка на поднесоци пред нотар на ненаплатените побарувања;
- достава на списоци за исклучување на нередовните плаќачи по доставените опомени;
- контрола на бараните услуги.

Во текот на 2026 година покрај редовните активности од програмата ќе се изврши и ажурирање на базата на податоци за корисниците во соработка со Општина Гевгелија (отпочната во 2023 година) и користење на податоците кои ги поседува општината, посебно за извршените измени на податоци на дворни и покриени површини, за да се обноват и договорите со корисниците кои имаат измени во податоците. Со потпишувањето на договорите со корисниците кои имаат гробно место, кое ке продолжи и оваа година, ќе се фактурира и услуга за гробарина и за 2026 година. Состојбата со неплатени сметки на физичките лица ке може да се проверуваат на веб страната на Комуналец Гевгелија и истите електронски може да се плаќаат од компјутер или од мобилен телефон.

Наплата на повеќе финансиски средства и во оваа година ќе биде наше мото што ќе значи сигурно и стабилно работење на претпријатието, а ќе може да се инвестира во нови објекти, основни средства, опрема, материјали со цел за поефикасно работење.

Во текот на годината ќе се врши следење и реализација на бизнис планот.

Во делот на набавките од комерцијален аспект, ќе се учествува во изготвувањето План за јавни набавки за 2026 година, во соработка со сите сектори, според нивните планирани годишни потреби, во согласност со законските прописи. За набавките на потребни стоки, услуги и работи, комисијата за јавни набавки ќе спроведува пооделни постапки. Ќе се набавува согласно со потребите со мали залихи, со воведената пракса на нарачки со електронско требување и следење на реализацијата на набавките. Сите набавени стоки ке бидат законски евидентирани преку модулот за магацинско работење.

Во 2026 година се планирани следните инвестиции:
- Надградба на компјутерски програми за комунални услуги и закуп на виртуелен дедициран приватен сервер
  - Вредност ............................................................... 1.500.000,00 ден

- **Автобуска станица Гевгелија**

Автобуска станица Гевгелија во 2026 година, ќе работи секој ден во редовното работно време од 05 до 21 часот. Основни задачи кои ќе се извршуваат се: продажба на билети, заверка на билети и редовна услуга на сите патници и фирми превозници, нудење информации и помош за реализирање на патувањата на корисниците на сите релации. Меѓуградските линии ќе се одржуваат согласно добиените дозволи од Министерство за транспорт и врски, а локалните линии ќе се одржуваат согласно добиените дозволи од Општина Гевгелија.

За користење на пероните и редот на автобуската станица ќе се грижат вработените во две смени секој ден. Секојдневната евиденција на влез-излез на автобусите ќе се врши од страна на дежурниот работник. Хигиената во автобуската станица и надвор од неа редовно ќе се одржува два пати во денот. Делот на хортикултурното уредување на околните зелени простори ќе биде во соработка со секторот паркови и зеленило.

Во соработка со превозниците, ќе се изнаоѓа решение за превоз во деновите на и по празниците и викендите, со модел на однапред закажување и резервација, како би можеле патниците да бидат задоволни и сигурни, а превозниците однапред спремни.

### 3.3. Одделение за општи и правни работи

Во одделението за општи и правни работи во 2026 година се предвидува да се извршуваат редовни тековни работи поврзани со примена на законите за дејностите на претпријатието и усогласување на работењето со истите. Ќе се следат законите кои го регулираат работењето на дејностите кои ги врши ЈПКД „Комуналец" Гевгелија и соодветно ќе се известуваат секторите за нивно спроведување, а ќе се следат и измените и дополнувањата на законите за административни службеници, за вработените во јавниот сектор, за јавните претпријатија, како и другите закони, подзаконски акти и прописи.

По потреба или заради усогласување со закони, но и заради тековно работење на претпријатието, ќе се изготвуваат правилници на ниво на претпријатие, нивни измени или дополнувања, како што се правилниците за систематизација на работните места, за плати на вработените во ЈПКД Комуналец, правила и процедури за одделни постапувања при извршувањето на дејностите. Исто така ќе се врши изготвување на текстови на договори за сите видови услуги и други договори за потребите на работењето на претпријатието.

Пред надлежни нотари редовно ќе се поднесуваат предлози за издавање решенија за нотарски платен налог, со динамика на тужење која опфаќа најмалку три неплатени месечни сметки, соодветно следење на предметите до нивно реализирање и наплата на долгот. Одделно ќе се поведуваат и постапки за

присилна наплата пред надлежен извршител за сите долгови по правосилни и извршни Решенија и Пресуди кои не се доброволно платени. По потреба, пред надлежен суд, ќе се поднесуваат и застапуваат тужби, а ќе се преземаат дејствија и застапување и во случај на тужби поднесени против ЈПКД „Комуналец" Гевгелија. За движењето, активностите и работата по нотарски и судски предмети ќе се води евиденција во одделен деловодник за судски предмети. Особено се вршат работи за застапување на претпријатието во судски постапки, најмногу по предмети оформени по приговор на должниците на нотарски платен налог, но и во други судски постапки. Бројот на судски предмети по поднесен приговор од странка е релативно мал во однос на сите поднесени предлози до нотар, па така се очекува да биде и оваа година.

Во рамки на Одделението за општи и правни работи се подготвуваат седници на органите на управување и надзор (Управен одбор и Надзорен одбор), ќе се водат и изготвуваат записници од одржани седници, одлуки и заклучоци кои произлегуваат од нив, се даваат стручни мислења, а еднаш годишно, по завршување на годината, се изготвуваат извештаи за работата на овие органи.

Во зависност од поднесени барања за слободен пристап до информации од јавен карактер, ќе се спроведува постапка за одговор на поднесените барања.

Ќе се води грижа за спроведување на законските прописи за безбедност и здравје на вработените за што се спроведува обука.

Одделението има работни места и за физичко обезбедување на стопанскиот двор - чуварска служба, која работи во смени, а исто така и за одржување на хигиена на деловните простории, поради што ќе се организираат и спроведуваат потребни активности во хигиенска и чуварска служба.

Редовно ќе се организира и води архивата и архивското работење на претпријатието. Сите влезни и излезни документи се евидентираат во соодветен деловодник (за основна евиденција, одделен и посебен). Посебно ќе се води уписник УПП за претставки и предлози.

Тековно и по потреба ќе се вршат и други општи и правни работи.

### 3.4.Одделение за план и анализа

Во Одделението за план и анализа во 2026 година преку одделите за јавни набавки и човечки ресурси ќе се извршуваат работите поврзани со планирањето на јавните набавки и вработените.

Планирани активности околу јавните набавки се:

- учество во изготвување на годишниот план за јавни набавки;
- припрема на тендерска документација (по доставено барање – со техничка спецификација од раководител на Сектор, РЕ, оделение и сл.и истото одобрено од одговорното лице;
- спроведување на постапки за Јавни набавки за потребите на секторите и работните единици;
- објавување на оглас на ЕСЈН и во европско гласило (каде по ЗЈН е задолжително);
- евалуација на постапките, спроведување е-Аукции;
- предлог за избор или поништување на постапки или делови од постапка;

- избор на понудувачи;
- поништување на постапки;
- изготвување Договори или Рамковни Спогодби;
- изготвување поединечни Договори врз основа на Рамковни Спогодби.

Во врска со работниот однос на вработените ќе се спроведуваат активности поврзани со правата и обврските на вработените, а во зависност од нивниот статус како административни службеници, даватели на јавни услуги или помошно-технички лица. Ќе продолжи примената на Законот за вработените во јавниот сектор, Законот за административните службеници, Законот за јавните претпријатија и Законот за работните односи, во насока на уредување на статусот на вработените во претпријатието согласно овие закони. Во тој контекст е изготвување на Годишен план за вработување, како законска обврска, но и други активности кои произлегуваат од законите за вработените.
Редовно ќе се врши објавување на интернет страната на ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија www.komunalecgevgelija.mk на закони, прописи и други акти или нивни измени, како и други објави, соопштенија или информации за корисниците, односно сè што се предвидува, согласно законда биде јавно објавено.

## 4. ОДДЕЛЕНИЕ ПАРКИНЗИ

Одделението паркинзи започна со работа во 2024 година и ја врши дејноста паркирање на јавните паркиралишта во град Гевгелија. Во 2026 година одделението паркинзи ќе продолжи да ги извршува своите редовни активности, односно техничките и организациските работи околу одржувањето и користењето на јавните паркиралишта, надзорот над паркирањето на возилата, наплата на надоместок за поставување и отстранување на блокатор, надоместок за оштетување на блокатор и надоместок за кражба на блокатор, како и уплата на наплатените парични средства во благајна.

## 5. СЕКТОР ЗА ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА

ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија преку Секторот водовод и канализација ги извршува следните дејности од јавен интерес:

- производство и дистрибуција на вода за пиење;
- одведување на отпадни води;
- одржување на водоснабдителни системи;
- изградба и реконструкција на системот за водоснабдување;
- изградба и реконструкција на системот за одведување на отпадни води;
- пречистување на отпадни води;
- изградба на други градежни работи од локално значење.

Во склоп на Секторот постојат четири одделенија:

- Одделение за производство на вода;
- Одделение за водовод;
- Одделение за канализација;
- Одделение за пречистителни станици.

### 5.1. Одделение за производство на вода

Производство на вода го опфаќа системот за водоснабдување со три бунарски подрачја МРЗЕНЦИ, МОИН и ВАРДАР и резервоари СТОПАНСТВО, МРЗЕНСКИ РИД за град Гевгелија, резервоар ,,Сирки,, Прдејци и резервоар ,,Милош,, Негорци, како и резервоари за населените места Стојаково, Богородица, Моин, додека населените места Смоквица, Ново Конско и Миравци со Давидово и Милетково со вода се снабдуваат комбинирано од природни каптажи и сопствени бушотини со потопни пумпи и резервоари, како посебни системи за водоснабдување на истите населени места.

Во 2025 година градот Гевгелија со населените места Моин, Мрзенци, Богородица со Граничен премин, Стојаково, Селемлија, Индустријска зона Блокотехна, Негорски бањи како и Населените места Негорци и Прдејци се снабдуваа со вода од бунарско Подрачје „Мрзенска ада“. Карактеристично за 2025 е тоа што и во летниот период при зголемена побарувачка на вода успеавме потребните количини да ги обезбедиме од бунарските подрачја ,,Мрзенци,, и ,,Моин,, а не го активиравме бунарското подрачје ,,Вардар,, со што ги избегнавме дополнителните трошкови за електрична енергија и сл. за работа на ова бунарско подрачје.

Во населените места Смоквица, Ново Конско и Миравци (со Давидово и Милетково) снабдувањето со вода е од природни извори - каптажи и бунари со инсталирани потопни пумпи. Овие населени места имаат посебни резервоари за секое населено место.Населено место Моин со вода за пиење ќе се снабдува од Бунарско подрачје „Моин“.

- **План на производство на вода во 2026 година**

Обезбедување годишно производство на вода:

| Ред.бр | Бунарско подрачје | Количина на произведена вода | Забелешка |
|---|---|---|---|
| 1 | Бунарско подрачје “Моин” | 250.000м/3 | по потреба |
| 2 | Бунарско подрачје “Мрзенци” | 3.100.000 м/3 | 12 месеци во континуитет |
| 3 | Негорци | 30.000м/3 | комбинирано од Градот и каптажа |
| 4 | Прдејци | 20.000м/3 | комбинирано од Градот и |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | каптажа |
| 5 | Смоквица | 40.000 м/3 | континуирано 12 месеци (од длабински бунар) |
| 6 | Ново Конско | 40.000 м/3 | континуирано 12 месеци (од длабински бунар) |
| 7 | Миравци, Давидово и Милетково | 250.000 м/3 | комбинирано водоснабдување |

Врз основа на погоре споменатите податоци се планира во 2026 година да се произведе 3.730.000 м/3 вода.

Планираната структура на потрошувачка на вода по категории на потрошувачи би била следна:

| | |
|---|---|
| Физички лица | 1.600.000 м/3 |
| Правни лица | 600.000 м/3 |
| Комунални потреби(паркови и зеленило,стадион) неприходувана вода, комерцијални загуби 22,8% | 850.000 м/3 |
| Загуби во системите-истекувања 18,2% | 680.000 м/3 |
| В К У П Н О произведена вода | 3.730.000 м/3 |

Планирани активности за 2026 година:

- Чистење на резервоар “Стопанство” во месец март;
- Чистење на резервоар “Мрзенци“ во месец април;
- Чистење на останати резервоари кои се во експлоатација, (Моин, Богородица, Смоквица, Прдејци и Миравци - време на реализација април-јуни);
- Оградување, физичка заштита на резервоари со изградба на ограда од бетонски столбови и мрежа (Прдејци, Негорци, Богородица - време на реализација втора половина од 2026 година).
- Редовно сервисирање на катодната заштита на потисниот и доводниот цевковод - два пати годишно;
- Контрола на исправноста и сервисирање на 160 kw агрегат на бунари Моин, 300 kw агрегат на бунари ,,Мрзенска ада,, - квартално 4-ри пати годишно;

Предвидени инвестиции, набавки на основни средства и опрема:

- Набавка и инсталација на опрема за далечинска контрола од пумпна станица до резервоар Моин
  Вредност на инвестицијата ..............260.000,00 ден.

- Санација на каптажа и извориште ,,Прдејци,,
  Вредност на инвестицијата .........200.000,00 ден.

- Набавка и сервисирање на автоматика и електроника на бунарски подрачја и препумпни станици во склоп на водоводните системи
  Вредност на инвестицијата .........2.000.000,00 ден.

- Оградување, физичка заштита на резервоари со изградба на ограда од бетонски столбови и мрежа. (Прдејци,Богородица)
  Вредност на инвестицијата ...........300.000,00 ден.

- **Анализа и контрола на водата за пиење**

Квалитетот на водата за пиење и прехрамбени цели на целото подрачје на Општина Гевгелија ќе се контролира и во 2026 година. Истата треба да одговара по квалитет според важечкиот Правилник за безбедноста за вода за пиење. Со овој правилник за води целосно законски е уредена целата постапка: од начинот на земање мостри, методиката на анализирање, опремата што се користи, како и запишување на хемиски, радиолошки и биолошки анализи.

Според обемот на анализа, два пати во годината се прави анализа со целосен опфат: бактериолошки, физичко-хемиски, радиолошки и биолошки анализи.

Еднаш месечно се врши физичко-хемиска анализа во т.н мала хемиска анализа која опфаќа: преглед на матност (NTU), боја, вкус (pH- вредност), нитрити, потрошувачка на KMnO4. Во составот на оваа група анализи е и микробиолошката анализа која ја врши Завод за ЈЗО - Велес, од каде нивно службено стручно лице ги зема мострите за анализа, како од сировата, така и од хлорираната вода.

Во текот на целата година технологот за квалитет на водата при ЈПКД Комуналец Гевгелија за целото подрачје на Општина Гевгелија, секој ден врши анализи, според план за контрола на квалитетот на вода која ги опфаќа следните анализи: преглед на матност (NTU), боја, вкус, (pH- вредност), концентрација на резидуален хлор и електроспроводливост. Посебен приоритет за контрола на квалитетот на водата имаат влезната и излезната вода во резервоарите и испитните места во школите и градинките. По потреба бара и вонредни испитувања и анализи од овластените институции.

## 5.2.Одделение за водовод

Во водовод за оваа година ќе се вршат работни активности во следните области:

- Контрола на состојбата на водоводната мрежа и одржување;
- Приклучок на новопријавени корисници;
- Монтажа на нови водоводни линии;
- Демонтажа и поправка на водомери;
- Промена и поправка на секторски затварачи на водоводна мрежа;
- Изградба на нови водоводни линии - реконструкција на постојните вонравец на подобрување на водоснабдувањењето и
- Ажурирање на податоци - изработка на подлоги на водоводната и канализационата мрежа.

Во делот на одржување - контрола на водоводната мрежа предвидените активности за 2026 година се делат на два сегмента и тоа:

- Одржување и интервенции на водоводни приклучоци на корисниците, каде најчесто се интервенира на дефекти на вентил пред водомер, проблеми со водомерот, како и внатрешна инсталација на корисниците.

Согласно долгогодишната пракса, бројот на корисниците, како и состојбата на водоводните приклучоци, предвидуваме помеѓу 700-800 интервенции.

- Одржување на примарната и секундарна водоводна мрежа -улични водоводни линии, поправка на дефекти на улична водоводна мрежа во Гевгелија и населените места, помеѓу 200-250 интервенции.
- Со оглед на фактот да поголем број од поцинкуваните водоводнисекундарни линии со дијаметар од 40, 50 и 63 мм, како и водоводнитеприклучоци од ½“,3/4“и1“надминуваат старост од 50 години вонаредните години предвидуваме зголемување на бројот на интервенции идефекти на поцинкуваните водоводни линии поради нивната зафатеност од корозија и појава на пукнатини за протекување на вода.

Согласно програмата за работа предвидуваме во текот на 2026 година рехабилитација на водоводни сервисни приклучоци во Гевгелија и останатите населени места поради дотраеност и истекување помеѓу 50-70 броја.

Во текот на 2026 година согласно поднесените барања од предходните години се очекува за изведба на нови приклучоци на водоводната мрежа, издавање на согласност и изведба на нови приклучоци и тоа:

А. Физички лица - домаќинства .........50-80 бр.

Б. Правни лица - фирми.....................20-30 бр.

Предвидениот број на нови приклучоци се базира на зголемениот број на новоизградени објекти, колективни станбени згради, како и проширувањето на генералниот урбанистички план и многуте новодонесени детални урбанистички планови што се предуслов за забрзан развој на Општина Гевгелија.

Во согласност со програмата за изградба на системи за водоснабдување на Општина Гевгелија, како и предвидените инвестиции во Бизнис планот, ЈПКД

Комуналец ќе земе активно учество во доставување на податоци за изработка на предвидените идејни и основни проекти за водоснабдувањето, како и при изградбата на новите водоводни линии согласно програмата за Водовод и канализација усвоена од Советот на Општина Гевгелија.

**Предвидени проширувања и рехабилитација на водоводната мрежа во 2026 година:**

- Рехабилитација-дислокација на водоводна мрежа во делот на УБ 10 со дијаметар Ф250мм со замена на истата со ПЕ цеви во должина од 300 м. на истата локација,
  -Вредност на инвестицијата ..........................................1.000.000,00 ден.

- Проширување на водоводната мрежа со изведба на нова водоводна линија со дијаметар ф100 мм ПЕ на ул.,,Васил Главинов,, согласно ДУП за блок 12 и во должина од 300 м.
  -Вредност на инвестицијата.................................... 800.000,оо ден.

- Реконструкција на чвор на водоводна мрежа во с.Прдејци на влез (главна водоводна раскрсница) Со замена на вентили и фасонски елементи и реконструкција на објект-изведба на водоводна шахта.
  -Вредност на инвестицијата ....................................400.000,оо ден.

- Изградба на нова водоводна линија со Д 110 мм за висока зона во населено место Негорци во должина од 1400 метри со што би се надминале долгогодишните проблеми на жителите од Негорци кои живеат на повисоките точки во населеното место а кои преку летниот период имаат слаб притисок и недостаток од вода кога е потрошувачката голема.
  -Вредност на инвестицијата 6.000.000,оо ден.

- Реконструкција на доводен цевковод за населено место Давидово во должина од 800 метри со Д 100 мм.замена со ПЕ црево Ф110 мм ПН 10 бари.
  -Вредност на инвестицијата ................................1.000.000 ,оо ден

- Реконструкција на водоводна линија на ул.Маршал Тито,, Миравци (кородирана водоводна линија со чести дефекти) со дијаметар 63 мм и должина од 500 метри.
  -Ведност на инвестицијата ....................................400.000,оо ден.

- Нова водоводна линија за подобрување на водоснабдувањето на дел од корисниците во нас.место Смоквица со ПЕ црево 10 бари, Ф 63 мм.во должина од 500 метри.
  -Вредност на инвестиција ......................................... 500.000 ден.

- Реконструкција на водоводна линија-ОД 225 мм ПВЦ –замена со ПЕ црево ф 200мм. во должина од 200 метри.(надвозник ,,богородица,,-препумпна ,,шимов)
  -Вредност на инвестицијата...................................1.300.000,оо ден.

- Проширување на водоводна межа во населено место Негорци со диј.ф63мм ПЕ од ул.,,Мирко Делев до ул.,,Маршал Тито,, во должина од 100 метри.
  -Вредност на инвестицијата ..............................300.000,оо ден.

- Реконструкција на водоводна линија ф 100мм АЦ со ПЕ 110 мм. на ул ,,Мирко Делев,, во село Негорци во должина од 50 метри заради чести дефекти.
  -Вредност на инвестицијата.................................................300.000 ден.

- Изместување со обнова на линија ф 32 мм. на ул.,,Маршал Тито,, во Богородица во должина од 200 метри.
  -Вредност на инвестицијата .................................................200.000,оо ден.

Во делот на демонтажа и промена на водомери согласно на законските обврски за исправност на водомерите се предвидува:

- поправка, и замена на водомери кај корисниците во градот Гевгелија и сите населените места, вкупно 400 бр.
- Изработка на нови шахти за вентили на водоводната мрежа со метални капаци, вкупно 20 бр.

Во делот на активностите за промена и поправка на секторски затварачи-вентили во дистрибутивната мрежа со дијаметри ф100, ф150, ф200мм согласно инвестициониот план се предвидува поправка на 10 вентили како и замена на 15 вентили.(вентил ф90мм на ул,,11-ти Октомври,, ф100 мм на ул.,,Моински пат,, ф80 мм. на ул.,,Кукушка,,ф 90 на ул,,Слободан Митров Данко,,, ф150 на ул,,&-ми Ноември,,, ф200мм во с.Богородица, ф100мм (4) во село Негорци и др.)

**Планирана набавка на опрема за изведба на нови водоводни линии**

За по ефикасно остварување на работните задачи како и подигањето на квалитетот на и условите во работењето предвидуваме во 2025 год. набавка на;

- Комплет опрема за Челно заварување на цефки од ф90 до 355 мм.
- Вредност.............................................................450.000,00 ден.

- Рофрост турбо 2“ опрема за заледување на цефки на приклучоци за полесно отстранување на дефекти
- Вредност ............................................................... 300.000,00 ден

- Пумпа за натпритисок РП 50-С за тестирање на инсталации во објекти
- Вредност ..................................................................... 150.000,00 ден

**Реализација на предвидени проекти**

Заради добивање на точни показатели за количината на произведената вода, поефикасно управување со водоводниот систем, намалување на загубите на вода во дистрибутивната мрежа-намалување на неприходованата вода како и поделба на водоводниот систем на зони на снабдување предвидуваме во 2026 година, да се изврши проширување на „скада системот“ со изведба не нови мерно регулациони шахти на неколку ДМА зони во градот и населените места со што ке се создаде можност за управување со притисоците во водоводниот систем од еден центар и значително ќе се подобри квалитетот на водоснабдувањето.

-Вредност на инвестицијата 1.500.000,00 ден.

**Прекинување на водоснабдувањето**

Мерката за исклучување на корисниците од водоводната мрежа во изминативе години беше користена во малку случаи и тоа на исклучување на диви приклучоци и заради користење на вода за наводнување без водомер и во 2026 ке продолжи ваквата активност на исклучување на дивоприклучени корисници.

**Изработка на подлоги, скици и проекти**

Непостоењето на подземен катастар претставува огромен проблем при секојдневното работење во делот на одржувањето на водоводната мрежа, а исто така претставува проблем и при делот на планирањето на нови проширувања и реконструкции на водоводот.

Поради ваквата состојба уште во 2010 година е започнато со исцртување на постоечката инсталација само шематски на дигитална подлога користејќи ги сите постоечки шеми кои можеме да ги прибавиме, како и укажувањата на лицата кои работат долго време во водоводот. Заради ваквите состојби кон крајот на 2024 година имплементиравме проект со воведување на QGIS платформа за исцртување на постоечките инсталации на водоводната и канализационата мрежа со што добивме алатка која значително ни помага при санирање на дефекти и правење на анализи и програми за наредниот период.

**5.3. Одделение за канализација**

Одделението за канализација кое е задолжено за одржување на канализационата мрежа, како и градежната група се дел од ЈПКД „Комуналец“ и своите работни задачи и обврски ги извршуваат согласно усвоената годишна програма за работа, како и во согласност со пројавените потреби на теренот во склад со своите надлежности. Покрај редовните работни задачи и обврски извршуваат работи за потребите кај другите сектори во претпријатието кога за истото ќе се појави потреба.

Во текот на 2025 год. започнавме со реализација на пилот проект за прочистување на канализационата мрежа (одредени канализациони линии кои

што имаа повеќе интервенции на годишно ниво) со метод на биоаугментација-процес со кој на одредени почетни точки на одбраните улични канализациони линии се испуштаат секојдневно во шахтите одбрани микроорганизми (ензими) кои според досегашните анализи го намали проблемот со лошите миризби на тие делови од канализација, ги разредува наталожените цврсти материи – маснотии од зидовите на цевките и овозможува подобар проток на отпадните води. Благодарение на овој метод немаме чести запушувана на тие линии, а во исто време на пречистителната станица доаѓа веќе третирана и разредена отпадна вода која не ја оптеретува истата со цврсти материи. И во текот на 2026 год. предвидуваме да продолжиме со овој метод на прочистување на канализационите линии и истиот да го прошириме и на други делови од канализационата мрежа во градот.

Активностите кои се предвидуваат да се извршат во текот на 2026 година воглавно се идентични со претходните години со таа разлика што во делот на одржувањето на канализацискиот систем заради изградбата на нови канализациони мрежи во населените места во Општината бројот на интервенции ќе се зголемува од година во година и постепено поголемо внимание ќе се посвети на одржувањето на канализационата мрежа, изведба на нови приклучоци, како и проширување на канализационата мрежа со нови линии. Делот на градежните активности ќе биде сведен на минимун, само неопходни работи поврзани со дејноста која ја обавуваме - водоснабдување и канализација.

Во 2026 година се предвидува прием за одржување на новоизградена канализациона мрежа за населено место Милетково, а во тек се активности за изградба на канализациони мрежи за населени места Ново Конско и Смоквица во кои активности ЈПКД ,,Комуналец,, активно учествува.

Исто така се планира и набавка на теренско возило со двојна кабина, за потребите на Сектор Водовод и канализација.

Планирани активности на одделението за канализација во 2026 година се:

- интервенции за отпушување и прочистување на уличните канализациски линии во Гевгелија, 250-350 интервенции кои ќе се одвиваат во текот на целата година, од кои околу 200-тина интервенции би биле со употреба на цистерна за вода под притисок;
- интервенции за отпушување и прочистување на канализационите линии кај физички и правни лица по нивно барање - домашни канализации околу 100-150 интервенции;
- Интервенции во делот на одржување на препумпните станици за отпадни води (Мрзенци,Прдејци) со употрба на цистерна за исцрпување на фекалии -25 инт.
- изведба на нови канализациони приклучоци на физички и правни лица во градот Гевгелија и населените места каде има канализација;
- реконструкција на оштетените ревизиони шахти како и замена на оштетените и дотраени лиено-железни капаци и рамови на ревизионите шахти;
- изградба на нови канализациони линии со сопствени средства ќе се прават согласно потребите на граѓаните и деловните субјекти во Општината.

Во текот на 2024/25 година заврши со реализација проектот за изведба на нови атмосферски канализации во Гевгелија грант од KFW Банката согласно кој се изведоа околу 6500 метри нови атмосферски линии. Како резултат на ова од првичните сознанија што ги имаме атмосферските води побргу се прифаќаат и нема задржување на поголеми количини на дождовница во период на обилни врнежи, а како резултат на истото ќе се растерети значително оптоварувањето во фекалните канализациони линии и колектори. Со тоа ќе се овозможи помалку отпадна вода да влегува во пречистителната станица за отпадни води.

- **Одржување и изведба на нови линии**

Групата за одржување на канализационата мрежа како и градежната група се дел од ЈПКД Комуналец и своите работни задачи и обврски ги извршуваат согласно усвоената годишна програма за работа како и во согласност со пројавените потреби на теренот во склад со своите надлежности. Покрај редовните работни задачи и обврски извршуваат работи за потребите кај другите сектори во претпријатието кога за истото ќе се појави потреба.

Во текот на 2026 година се предвидуваат следниве активности:

1. Реконструкција на канализационата и водоводни шахти.

Во делот на реконструкција на постојаната канализациони и водоводни шахти во 2026 год.ќе е фокусираме на поправка на оштетените Ревизиони шахти како и замена на оштетените и дотраени лиено-железни капаци и рамови на ревизионите шахти. Ќе се поправаат оштетените Ревизиони шахти во градот. Се предвидува да се обноват околу 40 РШ во делот на горната плоча.

2. Изградба на нови канализациони линии и изработка на идејни Решенија за проширување на канализационата мрежа во Гевгелија и населените места.

Во склоп на проширување на канализационите линии се предвидува и изградба на нови Ревизиони шахти во Гевгелија вкупно 20 на број.

Активно учество во изградба на нови канализациони линии за населените места Милетково,Смоквица и новооформени Урбанизирани делови во Гевгелија во соработка со надлежните органи при Општина Гевгелија-одделението за Комунални работи и локални патишта, преку учество во реализацијата на предвидените проекти и годишни програми од областа на комуналната инфраструктура од делокругот на работите на ЈПКД Комуналец.

3. Активност на градски гробишта.

Изработка на двојни и единечни бетонски оквири на новиот дел на градските гробишта - 70-80 бр.

4. Градежни активности за потребите на ЈПКД ,,Комуналец“

Санација на прекопани делови од улица или тротоари по извршени интервенции од наша страна за отстранување на дефекти или изведба на

приклучувања на водоводната и канализационата мрежа со бетонирање или поставување на бекатон коцки - 200 м/2.

Изградба на нови Ревизиони канализациони шахти - 30 бр.

Санација-крпење на дупки на локалните улици во Општина Гевгелија со асфалтирање согласно донесените програми во делот на одржувањето на локални улици и патишта - 50-100м/2.

## 5.4.Одделение за пречистување на отпадни води

Услугите на пречистителната станица за отпадни води во Гевгелија ги користат жителите на Гевгелија и Мрзенци. Во 2026 гододина пречистителната станица ќе продолжи со непречено функционирање се со цел на прочистување на отпадните води од Гевгелија и Мрзенци.

Во населени места Миравци, Богородица и Моин функционираат пречистителни станици за отпадни води со помал капацитет кој ги пречистуваат фекалните отпадни води за истите населени места.

Во 2026 година се предвидува изработка на студија за рехабилитација на пречистителна станица ,,Миравци,, која во последниот период заради поголемиот период на експлоатација покажува одредени недостатоци при функционирањето кои треба да се санираат.

Вработените ќе ги обавуваат сите неопходни редовни активности за непречено функционирање на истата.

Воедно заради раздвојувањето на фекалната и атмосферската канализација со завршување на проектот финансиран од KFW се намали оптеретувањето – количините на отпадни води кои ќе се преработуват во пречистителната станица Гевгелија. Но во наредниот период ЈПКД ,,Комуналец,, активно ќе учествува во сите програми и проекти за проширување на атмосферските одводни линии и во деловите од градот каде нема таков вид на инфраструктура.(УБ.4.4, уч.Петар Мусев,,ул.,,Ванчо Прке,, ул.,,Кукушка,, и др.)

# 6. СЕКТОР КОМУНАЛНА ХИГИЕНА

Програмата за одржување на комуналната хигиена на подрачјето на Општина Гевгелија за 2026 година е изработена согласно Законот за комунални дејности и Законот за управување со отпад.

Поблиските односи на правата и обврските помеѓу давателот и корисниците на услугите, регулирани се со Одлука за комунален ред на Општина Гевгелија бр.07-2649/1 од 26.12.2014 година и Одлука за измени и дополнување на Одлука за комунален ред на Општина Гевгелија бр.09-658/1 од 13.03.2015 година.

Секторот за комунална хигиена е одговорен за реализирање на Општинските програми за:

- Собирање,транспортирање и депонирање на комунален отпад

- Одржување чистота на јавно прометни површини
- одржување на урбана опрема
- стопанисување и одржување на градската депонија
- расчистување на депонии
- зимско одржување на улици и јавни површини
- тековно одржување на општински објекти со разни занаетчиски услуги

Со програмата за 2026 година се планира:

- собирање, транспортирање и депонирање на комунален, комерцијален и друг вид на неопасен цврст отпад
- одржување чистота на јавно прометни површини
- стопанисување и одржување на новата градска депонија и расчистување на други депонии
- зимско одржување на улици и јавни површини
- одржување и обновување на урбана опрема
- тековно одржување на општински објекти со изведба на разни занаетчиски услуги
- стопанисување и одржување на градски пазар
- стопанисување и одржување на градски гробишта со капела
- одржување на возен парк
- новогодишно украсување на градот Гевгелија.

## 6.1.Собирање, транспортирање и депонирање на комунален, комерцијален и друг вид на неопасен цврст отпад

Со програмата се опфатени градот Гевгелија, со населените места од општината:

- Смоквица
- Миравци
- Прдејци
- Милетково
- Негорци
- Давидово
- Богородица
- Мрзенци
- Ново Конско
- Моин
- Габрово
- Серменин
- Ума
- Смрдлива Вода
- Конско

Собирањето, транспортирањето и депонирањето на комуналниот смет и технолошки отпад зависи од потребите, културно-социјалните навики на населението, како и од видот и бројот на садовите за сместување на истиот. Нивото на услуга, начинот и динамиката на собирање смет и негово транспортирање и депонирање претставува една заокружена целина.

## ОПЕРАТИВЕН ДЕЛ

За извршување на овие дејности, претпријатието го користи следниот возен парк:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Форд | 12м³ | 1бр. | |
| Мерцедес Атего | 8м³ | 1 бр. | |
| Ивеко Стралис | 18м3 | 3 бр. | |
| Мицубиши Фусо | 8м³ | 1 бр. | |
| ФАП-самоподигач | | 1 бр. | За контејнери од 5м3 |
| Трактор со приколица Lovol | | 1 бр. | За градежен шут |

Возилата за собирање смет се веќе амортизирани и настануваат дефекти на моторните делови, а многу често проблеми има со надградбата и хидрауликата. Со тоа понекогаш се намалува темпото и квалитетот на извршување на услугата.

Неопходна е набавка на минимум едно такво возило, по можност и две, се во зависност од финансиската состојба на претпријатието, со што би се подобрила ефикасноста и квалитетот во извршување на дејноста.

Собирањето на смет во Општина Гевгелија се врши со подигање на специјални садови - контејнери од 1.1м³, контејнери од 5м³ и канти. Вкупниот број на контејнери од 1.1м³ кои се распоредени во градот Гевгелија и населените места изнесува над 700. Вкупниот број на контејнери од 5м³ е 23. Во дел од градот каде има потесни улици и нема услови за поставување на контејнери собирањето на сметот е од канти и вреќи.

Во 2026 година ќе се продолжи со бесплатна достава на канти од 120 литри на домаќинствата кои живеат во улиците каде нема услови за поставување на контејнери.

Динамиката за собирање на смет е направена реонски, по улици и населени места. Во централниот дел на градот и граничниот премин Богородица собирањето е секој ден.

Важно е да се напомене дека по повик од граѓани или правни лица собирањето може да биде и на повик.

Распоредот за изнесување на смет од населените места Негорци, Прдејци, Смоквица, Миравци, Милетково, Давидово, Мрзенци, Богородица, Моин и Ново Конско е даден во табелата:

| Реден број | Место | Пон. | Вторник | Среда | Четвр. | Петок | Сабота |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Негорци | ✓ | | | ✓ | | ✓ |
| 2 | Прдејци | ✓ | | | ✓ | | |
| 3 | Смоквица | | | | ✓ | | |
| 4 | Миравци | | ✓ | ✓ | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5 | Милетково | | | ✓ | | | |
| 6 | Давидово | | | ✓ | | | |
| 7 | Мрзенци | | ✓ | | | ✓ | |
| 8 | Богородица | ✓ | | | ✓ | | |
| 9 | Моин | | | ✓ | | | |
| 10 | Ново Конско | | | ✓ | | | |

Распоредот на поставени контејнери од1.1 м³ е следниот:

| Реден број | Улица/Правен субјект | број | | |
|---|---|---|---|---|
| | | ***Комунален отпад*** | ***Селектиран отпад*** (хартија,пластика,лименки) | ***Стакло*** |
| 1 | Булевар Гевгелија | 15 | 5 | 1 |
| 2 | ул. Деко Ковачев | 11 | 3 | 1 |
| 3 | ул. Македонија | 4 | | |
| 4 | ул. Страшо Пинџур | 5 | | |
| 5 | ул. Мирче Ацев | 4 | | |
| 6 | ул. Коле Неделковски | 15 | 5 | 1 |
| 7 | Булевар - краен дел - топлик | 5 | 1 | |
| 8 | Вардар осигурување | 2 | 1 | |
| 9 | Бункер зграда | 2 | 1 | |
| 10 | Солун дирекција | 3 | | |
| 11 | Јавор Џоко | 2 | | 2 |
| 12 | Шимов | 2 | | |
| 13 | Хотел Фламинго | 6 | | |
| 14 | Граничен премин | 12 | | |
| 15 | Терминал | 10 | | |
| 16 | Хотел Аполонија | 7 | | |
| 17 | Промес | 3 | 1 | 1 |
| 18 | Конти - Мрзенци | 2 | | |
| 19 | Мотел Вардар | 3 | | |
| 20 | ПТТ | 1 | | |
| 21 | Русе Комерц | 3 | | |
| 22 | Стил Технолоџи | 2 | | |
| 23 | Караула | 2 | | |
| 24 | МВР | 2 | | |
| 25 | Ветеринар | 2 | | |
| 26 | АС Специјал | 1 | | |
| 27 | Физикална | 4 | | |
| 28 | Макпетрол | 12 | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 29 | ул. Илинденска | 12 | 3 | 1 |
| 30 | Трговски центар | 3 | 1 | |
| 31 | ул. Љубљанска | 3 | 1 | |
| 32 | ул. Сава Михајлов | 11 | 5 | 1 |
| 33 | ул. 11-ти Октомври | 2 | 1 | |
| 34 | ул. Загребска | 4 | | |
| 35 | ул. Титоградска | 2 | 1 | |
| 36 | ул. Белградска | 2 | | |
| 37 | ул. Гоце Делчев | 3 | | |
| 38 | Булевар - запад | 6 | 3 | |
| 39 | КПУ Затвор | 2 | | |
| 40 | Пат за затвор | 4 | | |
| 41 | ул. Борис Карапузов | 3 | | |
| 42 | ул. Петар Мусев | 4 | 1 | |
| 43 | Спортска сала 26ти Април | 4 | 1 | |
| 44 | ул. Железничка | 8 | 1 | |
| 45 | Випро (Прдејци) | 4 | | |
| 46 | Градски пазар | 5 | 1 | |
| 47 | Хотел НАР | 1 | | 1 |
| 48 | ЕВН | 1 | | |
| 49 | Автобуска - стара | 3 | | |
| 50 | ул. Панде Дуганов | 8 | | 1 |
| 51 | Негорски Бањи | 3 | | 1 |
| 52 | Градски гробишта | 18 | 1 | |
| 53 | Факултети при Универзитет “Г. Делчев” | 1 | | |
| 54 | Основен суд | 3 | 1 | |
| 55 | Општина Гевгелија | 1 | 1 | |
| 56 | Стар Пионерски Дом | 1 | | |
| 57 | Градинка “Детска Радост” | 4 | | |
| 58 | ОУ “Владо Кантарџиев” | 3 | 1 | |
| 59 | н.м. Давидово | 18 | | |
| 60 | н.м. Смоквица | 10 | | 1 |
| 61 | н.м. Прдејци | 24 | 10 | 1 |
| 62 | н.м. Негорци | 60 | 11 | 1 |
| 63 | н.м. Богородица | 40 | 10 | 1 |
| 64 | н.м. Габрово | 2 | | |
| 65 | н.м. Миравци | 64 | 14 | 1 |
| 66 | н.м. Милетково | 6 | | |
| 67 | н.м. Мрзенци | 16 | 6 | 1 |
| 68 | н.м. Моин | 15 | 2 | |
| 69 | н.м. Горничет | 13 | 2 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 70 | Смрдлива Вода | 10 | | |
| 71 | н.м. Петрово | 2 | | |
| 72 | Старо Конско | 3 | | |
| 73 | н.м. Кованец | 2 | | |
| 74 | Хотел Принцес | 5 | | |
| 75 | Винер (меѓузона) | 2 | | |
| 76 | ЕВН Стопански двор | 1 | | |
| 77 | Лук Оил | 5 | | |
| 78 | ПЗУ Дентиција | 1 | | |
| 79 | Девомак - нов градски пазар | 2 | | |
| 80 | Еуро Инг зграда | 3 | 1 | |
| 81 | Блокотехна | 12 | | |
| 82 | ул. Леонид Јанков | 2 | 2 | |
| 83 | Ул. 7ми Ноември | 1+3+2+4+2= 12 | 1+1+1+1=4 | 3 |

Распоред на поставени контејнери од 5м³ е следниот :

| Реден број | Улица/Правен субјект | Број | | |
|---|---|---|---|---|
| | | ***Комунален отпад*** | ***Селектиран отпад*** (хартија,пластика,лименки) | ***Стакло*** |
| 1 | Интер Констакшан - Прдејци | 1 | | |
| 2 | Виви Текс | 1 | | |
| 3 | НОЕЛ | 5 | | |
| 4 | 7-ми Ноември | 1 | | |
| 5 | Технопродукт | 1 | | |
| 6 | Граничен премин | 2 | | |
| 7 | СОМИ | 1 | | |
| 8 | Психијатриска болница (Негорци) | 1 | | |
| 9 | Серменин | 1 | | |
| 10 | Вори | 1 | | |
| 11 | Авто сервис Миле | 1 | | |
| 12 | Русе - Тина | 1 | | |
| 13 | Меркјури | 1 | | |
| 14 | Екстра фоод | 1 | | |
| 15 | Техноалат | 1 | | |
| 16 | Агро купанов | 1 | | |
| 17 | Конти Хидропласт | 2 | | |

План и активности за 2026 година:

- редовно собирање и изнесување на сметот од домаќинствата и дворните места согласно распоредот прикажан погоре
- изнесување на смет од индустриските и други деловни објекти
- подигање на контејнерите што се распоредени низ градот и околу станбените комплекси, секој ден од понеделник до петок, а контејнерите во централното градско подрачје и по фреквентните улици, како "Бул. Гевгелија", "Деко Ковачев", "Илинденска", "Панде Дуганов", како и Граничен премин, бензинските пумпи и хотелите се собираат секој ден вклучително и во сабота и недела
- одржување и чистење на бетонските платоа за контејнерите од смет (невнимателност на граѓаните, но и растурање од мачиња и кучиња скитници)
- набавка на нови контејнери од 1,1 $м^3$ за комунален отпад, дел за замена на оштетените и дел за поставување на нови локации
- набавка на пластични канти од 120 литри за комунален отпад кои ќе се поделат на граѓаните.
- изнесување смет по повик на граѓани или правни лица надвор од планот и динамиката утврдени за таа намена
- дејствување и постапување по пријави од Општински и Државни инспекциски служби
- Во текот на 2026 година ќе биде разгледана можноста за поставување на подземни контејнери, на места каде тоа е можно. Првично во централно градско подрачје

Во 2026 година ќе се продолжи со користење на новата времена депонија којашто е по сите европски стандарди.

Во текот на 2026 година ќе се продолжи со примарната селекција и бесплатно делење на пластични жолти канти од 120 литри и нови контејнери од 1,1 $м^3$ за домаќинствата и правните лица. Доделувањето се планира да се продолжи по однапред утврден распоред по цели улици и блокови од градот со канти од 120 литри за домаќинствата и пластични контејнери од 1,1 $м^3$ за правните лица. Во текот на 2026 година во план е да се продолжи да се делат пластични канти за селектиран отпад, коишто се наменети за домаќинствата. За информирање на населението ќе се користат локалните медиуми, преку флаери и со непосредно известување во школите, детските градинки и правните субјекти. Напоредно со селекцијата ќе се бараат начини за продажба на селектираниот отпад со што ЈПКД „Комуналец“ би добивал средства со кои ќе може да се покријат трошоците за собирање и можност за дополнителна заработка која ќе биде инвестирана во зголемување на селекцијата. Со тоа ќе се грижиме за почиста животна средина, а од друга страна можност за намалување на отпадот којшто ќе треба да се депонира на новата депонија.

- **Одржување на возен парк**

Во 2026 година механичката работилница ќе се грижи за исправноста на возниот парк, одржување и поправка на возилата, одржување и поправка на моторни коси за косење, моторните косачки, како и сите други помали машини и секаков вид на алат што се користат во претпријатието во рамките на можностите. За одредени поправки каде е потребна соодветна стручна опрема и алат која не ја поседува механичката работилница ќе се користат надворешни фирми за одржување и поправки. Во работилницата ќе се вршат поправка и одржување на контејнерите од 5м³ и 1,1м³. Исто така, согласно потребите ќе се изработуваат делови за урбана опрема, како и поправка на старите и поставување на нови клупи за седење во градот и околните населени места.

Вработените во механичката работилница, по налог на сообраќајниот инспектор при Општина Гевгелија и сообраќајната полиција ќе вршат монтажа и сервисирање на постоечката вертикалната сообраќајна сигнализација на јавно прометните површини во градот и околните населени места.

Во 2026 година се планира механичката работилница да се доопреми со алат и прибор за работа за сервисирање на возниот парк со кој ќе се олесни работењето а ќе се добие во брзина на завршување на секојдневните активности.

- **Одржување и обновување на урбана опрема**

ЈПКД„Комуналец“ Гевгелија во 2026 година ќе врши поправка и одржување на урбаната опрема во градот Гевгелија и населените места и согласно можностите ќе набавува и монтира нова урбана опрема. Одржување и обновување на урбаната опрема ќе се состои од:

- одржување на клупите во парковите и јавните површини
- одржување на фонтани и јавни чешми како и поставување на нови
- одржување на детски играчки
- обновување на корпи за отпадоци и поставување нови
- други работи кои ќе бидат побарани од Општината и граѓаните.

- **Тековно одржување на општински објекти со изведба на разни занаетчиски услуги**

ЈПКД„Комуналец“ Гевгелија во 2026 година на барање на Општина Гевгелија ќе врши одржување на општински објекти, рекреативните места Вардарски Рид и Динќут и согласно потребите ќе обавува разни занаетчиски услуги за Општината.

- **Одржување на градска депонија и расчистување на други депонии**

Во 2026 година ќе се продолжи со користење на новата времена депонија која што се наоѓа во населено место Ново Конско и која што е по сите европски

стандарди. Депонијата е обезбедувана со чуварска служба 24 часа дневно и ќе се продолжи со секојдневно машинско прибирање и набивање на истовmarениот смет со градежна машина.

Во текот на 2026 година се планира изготвување на проектна документација за изградба на претоварна станица во која ќе биде поставена транспортна лента за сортирање на селектираниот отпад на новата времена депонија.

Покрај депонијата во Ново Конско мини депонии има и во неколку населени места кои по потреба се расчистуваат 2-3 пати во годината. По пријави од општинските инспектори или по дојава од граѓани, вработените од ЈПКД „Комуналец“ ќе вршат и расчистување на т.н. диви депонии.

## 6.2. Одржување чистота на јавни прометни површини

И во 2026 година ќе се даде посебно значење на квалитетно одржување на јавните прометни површини.

Одржувањето на јавно прометните површини се врши со:

- рачно метење
- машинско метење со метларка
- рачно миење
- миење со цистерна
- расчистување снег

## ОПЕРАТИВЕН ДЕЛ

За извршување на горенаведените активности, претпријатието располага со една метларка за машинско метење која се користи за чистење на сите улици во градот Гевгелија, но сепак најголем дел од активностите ќе се извршуваат со рачно метење на јавно прометните површини.

Планот и динамиката за одржување на јавно прометните површини за 2025 година е прикажан во следниот табеларен приказ:

ПРЕГЛЕД НА ЈАВНО ПРОМЕТНИ ПОВРШИНИ

Одржување шест пати неделно (рачно-машинско чистење)

| Реден број | Улица | м² |
|---|---|---|
| 1 | Маршал Тито | 12800 |
| 2 | ГП Одреди | 3450 |
| 3 | 7-ми Ноември | 4050 |
| 4 | С.М. Данко | 10080 |
| 5 | Димитар Влахов | 1200 |
| 6 | Кирил и Методиј | 1300 |
| 7 | Радован Ковачевиќ | 4290 |
| 8 | Петар Мусев | 2800 |
| 9 | Таља Бикова | 2800 |

| | | |
|---|---|---|
| 10 | Мирче Ацев | 2300 |
| 11 | Железничка | 3400 |
| 12 | Борис Кидрич | 3900 |
| 13 | Јосиф Јосифовски | 5090 |
| 14 | Булевар Гевгелија | 12800 |
| 15 | Ристо Фаршинин | 2000 |
| 16 | Илинденска | 1500 |
| 17 | Централно градско подрачје | 6600 |
| 18 | Спомен Костурница | 1550 |
| | **Вкупно** | **81910** |

**План и активности за 2026:**

- редовно чистење, метење и одржување на улиците, тротоарите и останатите јавно прометни површини
- зголемување на површините за чистење и метње
- подобрување на квалитетот во извршувањето на активностите
- ставање на ќесиња за смет и нивна редовна замена на уличните канти
- постапување по пријави и решенија од комуналниот инспекторат и инспекторатот по екологија
- спречување на создавање мини депонии на разни точки во градот како и надвор од него
- вонредно чистење, метење, миење низ градот при одржување на разни манифестации, собири, концерти, добротворни приредби и др
- чистење (метење) и средување на централното градско подрачје во недела и празнични денови
- миење и разладување на улиците во летниот период, кога температурите се високи
- расчистување на снег од улици и тротоари.

Секторот Комунална хигиена, одржува чистота и собирање на смет на граничниот премин Богородица, заедно со царинскиот терминал, меѓуграничниот простор и санитарните јазли. За одржување на овие површини, претпријатието има склучено финансиски договор со Царина на Република Македонија за регулирање на оваа услуга.

ЈПКД „Комуналец“ редовно ќе ја одржува чистотата на јавно прометните површини и централните подрачја во околните населени места во Општината, влезот и приодните патишта во градот. Претпријатието ќе ја одржува чистотата и хигиената на местата предвидени за спорт и рекреација, како што се пешачките патеки кон река Вардар, спортски објекти, тениско игралиште и др.

Согласно Законот за комунални дејности, извршувањето на комуналните дејности се обавува со надокнада (односно со плаќање). За одржување на јавно прометните површини, постои програма и оперативен план врз основа на што се склучува договор меѓу Општина Гевгелија и ЈПКД „Комуналец“, по што се отпочнува со работење на одржувањето на јавно прометните површини, за што и

нарачателот на работите и извршителот на работите имаат взаемни обврски и права во вид на должничко - доверителни односи, согласно ценовник.

**- Зимско одржување на улици и јавни површини**

ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија поседува опрема за зимско чистење која се состои од 2 корпи за чистење снег кои се монтираат на трактор, една корпа за скип и расфрлачка на сол. Од 2020 година во согласност со Општината, ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија при снежни врнежи се грижи за чистење на снегот од тротоари, улици и јавно прометни површини. Во зимскиот период од годината при врнежи од снег ЈПКД „Комуналец“ ќе врши расфрлање сол и ризла по улиците и тротоарите, како и расчистување на снежните наноси од улиците, тротоарите и јавните површини во градот Гевгелија. Исто така ќе се чистат приодите кон населените места со посебен акцент на населените места кои се наоѓаат на повисока надморска височина и главните улици низ населените места. Како приоритетни улици во градот Гевгелија на кои ќе се обрне посебно внимание се најфрекфентните улици кои водат до школи, градинки, болница, јавни институции и сл.

Во табелата се опфатени улиците на кои ќе се даде приоритет при расчистување на снежни врнежи:

| Реден број | Улица |
|---|---|
| 1 | Маршал Тито |
| 2 | ГП Одреди |
| 3 | 7-ми Ноември |
| 4 | С.М. Данко |
| 5 | Радован Ковачевиќ |
| 6 | Јосиф Јосифовски |
| 7 | Борис Кидрич |
| 8 | Ристо Фаршинин |
| 9 | Мирче Ацев |
| 10 | Таља Бикова |
| 11 | Булевар Гевгелија |
| 12 | Илинденска |
| 13 | Надвозник железничка станица |
| 14 | Моински пат |
| 15 | Ѓорги Стамов |
| 16 | Гоце Делчев |
| 17 | Дел од стар автопат(мотел Вардар) |
| 18 | Ристо Јанев |

- **Градски пазар**

Градскиот пазар има површина од 6000 м² на која се поставени 110 бетонски тезги и 70 метални тезги.

Вработените во Секторот Комунална Хигиена максимално ќе се ангажираат за одржување на чистотата со што ќе се овозможи висок степен на хигиенско - санитарни услови. Просторот околу градскиот пазар ќе се одржува секој ден, а после секој пазарен ден внатрешноста на пазарот ќе се чисти, мети, подига сметот и ќе се мие со вода.

Во текот на 2026 година во соработка со општината ќе се направат напори северниот дел од пазарот да се затвори комплетно, да се направи електрична инсталација на една половина од пазарот, со што ќе се овозможат подобри услови за работа.

Планирани активности за 2026 година:

- редовно одржување на пазарната површина;
- резервација на тезги и наплата на пазарна такса;
- одржување и обновување на тезги;
- организирање на пазарниот ред на градскиот пазар;
- редовно чистење и миење на пазарот.

**6.3.Управување и одржување на градски гробишта со капела**

Градските гробишта со капела се на површина од 43500 м² заграден простор.

Активности за одржување на градските гробишта во 2026 година се:

- парцелизирање и бетонирање на нови гробни места;
- бетонирање на нови пристапни патеки;
- обновување и бетонирање на старите оштетени патеки;
- одредување на гробно место за закоп на починато лице;
- редовно собирање и отстранување на смет;
- косење и отстранување на трева и коров од патеките и околу гробните места;
- поставување на нови чешми за потребите на новиот дел;
- поставување на нови пултови за помен на починатите.

Во согласност со Законот за гробишта и погребална дејност и поделбата на дејностите Управител и Оператор, ЈПКД "Комуналец" се јавува како Управител на градските гробишта и ги извршува дејностите предвидени со законот.

ЈПКД "Комуналец" има склучено договор со две претпријатија за извршување на погребалните услуги, односно Оператори. Со тоа се исполнуваат законските обврски што се наведени во Законот за гробишта и погребални услуги.

Просторот за нови гробни места е намален и потребно е, ако е можно проширување на блокот бр. 5, или определување нова површина за закоп на починати лица.

Активности за функционирање и работење на градската капела во 2026 година се:

- навремен прием на покојните во градската капела;
- сместување на покојните во разладна комора
- навремено изложување на покојните на одарот во капелата;
- обслужување за време на погребниот обред во капелата;
- пренос на покојниот до гробното место за закоп;
- одржување на хигиенско - технички услови во капелата;
- одржување на зеленилото и хигиената околу капелата;

Покрај тековното одржување во 2026 година се планира набавка на агрегат за производство на струја кој што ќе се користи во моменти кога снемува струја, ладилникот да може да функционира без застој.

## 6.4. Прифатилиште за бездомни животни

Прифатилиште за бездомни животни на ЈПКД ''Комуналец Гевгелија доби решение од Агенција за храна и ветеринарство за вршење на дејност за третман на бездомни кучиња. Прифатилиштето има капацитет од 13 кучиња.

Сите активности што треба да се превземат на територија на Општина Гевгелија за ефикасна контрола и заштита на популацијата на бездомни кучиња, како и контрола на кучињата со сопственик затекнати на јавна површина и третман, согласно прописите од областа на ветеринарното здравство и благосостојбата на животните, ветеринарските интервенции ги прави ветеринарно друштво со кое, претпријатието има потпишано договор за соработка.

Заловувањето на кучињата се врши со специјализирано возило за таа намена. Контролата од аспект на здраствена состојба, дезинфекција, хранење, документација, ја прави лиценциран доктор по ветеринарна медицина во склоп на прифатилиштето.

Активности кои ќе се превземат во 2026 година се:

- Во 2026 година, заловувањето на незгрижени кучиња на јавни површини (локални улици, патишта, тротоари, паркови, дворови на општински институции) продолжува со зголемен интензитет со цел да се намали бројот на репродуктивни способни единки со принципот на кастрација и идентификација;
- Евидентирање на секое бездомно куче со чип и ушна маркица со ВИС системот (ветеринарен информативен систем);
- Да се воведе контрола на секој кој шета куче со поводник и се затекне на јавна површина да му се направи контрола на неговиот миленик дали има идентификација истото;
- Тест за социјализација ќе се врши во прифатилиштето од страна на лиценциран доктор по ветеринарна медицина и добиено решение од АХВ (Агенција за храна и ветеринарство). Вршење на тестот за социјализација е со цел да се утврди менталната состојба на единката, дали е подобна да се

врати назад во околината без да повреди некој;

- План за вдомување и згрижување на заловените кучиња од страна на граѓаните кој сакаат да вдомат миленик и да се грижат за него и фб- страна каде секое куче ќе биде објавено;
- Ќе се зголемат контролите и санкците на сопствениците со миленици се со цел да се спречи слободно движење на истите по јавните површини, во соработка на општинскиот комуналниот инспектор;
- Контрола на бездомните кучиња и кучиња со сопственик кои се инфицирани од болести зоонози (болести кој се пренесуват од животни на луѓе) се со цел да се спречи ширење на истите;
- На сите напади или каснувања од кучиња ќе се реагира содветно согласно Законот за благосостојба, во соработка со комунален инспектор и инспектори од АХВ;
- Ќе се направи соработка со МВР Гевгелија и контрола на оние кои со возила носат кучиња скитници од други општини на територијата општина Гевгелија;
- Ќе се направи контрола на кучиња со сопственици, а воедно и санкции на сопствениците каде во сезона на парање посебно женски единки кои слободно се шетаат низ јавните површини, а со тоа придонесуват директно за загрозување на состојба на луѓето со формирање на глутници (можности за каснување, плашење на деца, повреда од трчање, паѓање од велосипед - повреда) и директно за зголемување на бројот на единките поради нивно незгрижување по породување (окучување) и оставање на улица;

## 7. ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО

Секторот паркови и зеленило при ЈПКД “Комуналец” – Гевгелија, во следната 2026 година, ќе врши редовно одржување на парковите, тревниците, зелените површини, местата засадени со сезонско цвеќе, жардињерии, фонтани и други јавни површини, како во градот Гевгелија, така и во населените места од Општината, вклучително и викенд населбите Смрдлива вода, Конско и Хума.

Секторот паркови и зеленило со своите активности, ќе учествува и во реализирање на општинската програма за хортикултурно уредување и одржување на паркови, зелени површини и места од јавен карактер.

Одржувањето ги опфаќа активностите како што се, косење, наводнување, собирање на искосена трева, средување на просторот, обнова и засадување нова трева, ѓубрење на парковите, садење и одгледување сезонско цвеќе, грмушести растенија и дрвја, собирање опаднати листови како и поставување на други украсни предмети за поубав изглед на градот и општината.

Извршувањето на работните задачи, ќе се врши на повеќе начини:

- Машинско косење
- Рачно косење
- Кастрење на гранки и отстранување на оштетени и исушени дрва
- Садење цвеќе
- Подхранување на тревници и зелени површини

- Садење дрвја (листопадни и зимзелени) и други видови растенија
- Наводнување на цвеќиња и наводнување на тревни површини
- Чистење и одстранување на смет од самите паркови и зелени површини
- Одржување на урбана опрема

Во наредната година ќе се продолжи со одржување на новиот парк кој се наоѓа на аголот од улиците, Булевар и Западен Булевар. Паркот е проектиран и финансиран од Општина Гевгелија. Тој е од модерен, урбан профил, каде што жителите ќе можат да се одморат, прошетат и разладат во летните горештини.

Паркот " Ице Бегов " што се наоѓа во дворот на Пионерскиот дом, кој е со инклузивна содржина и опремен со играчки и лулашки за деца, редовно ќе се одржува со косење, наводнување, кроење на грмушестите растенија и воопшто средување на просторот.

Во наредната година, односно 2026, ќе се одржува и паркот " Топлик " кое ќе биде место за одмор и рекреација. Паркот е со рекреативни патеки, зелени површини, летниковци за одмор и седење, поголема водена површина, осветлено со канделабри на соларно напојување и други содржини за релаксација на граѓаните. Предвидено е чистење од смет, косење на зелените површини, поправка на потенцијална оштетена урбана опрема и средување на просторот.

Површината на парковите во градот изнесуваат околу 61.710 м², а површината на зелените појаси околу колективните станбени објекти изнесува околу 42.060 м². Во 2026 година ЈПКД “Комуналец” планира проширување на зелените површини со засадување на трева и грмушести растенија.

Предвидено е редовно да се врши косење и средување на влезот во градот Гевгелија и рекреативната патека која води кон мостот на реката Вардар со околината. Одводниот канал “Рауљ”, кој служи за прибирање на истечните води ќе се чисти од трева, грмушести растенија, трска, наносен материјал и др.Исто така се планира нови дрвореди покрај одводниот канал “Рауљ”. Просторот околу спортските објекти како што се тениското игралиште, новата атлетска патека, повеќенаменското игралиште и справите за фитнес вежби, редовно ќе се коси и средува.

Во добра состојба ќе се одржува рекреативното место ”Динќут”, што подразбира, косење на зелените површини, метење на патеките за пешачење и џогирање, одржување на справите за фитнес вежби и одржување на детските лулашки. Дел од дрвата се веќе стари и кога дуват силни ветрови доаѓа до паѓање на некои дрва, со што постои опасност да направат матерјална штета или да повредат некого. Паднатите дрва редовно ќе се отстрануваат. Планирано е да се изврши засадување на нови зимзелени садници.

Се планира и средување на просторот- триаголникот, помеѓу стариот царински терминал на Трансбалкан, железничката линија и надвозникот на влезот во градот. Со средување на наведената површина, влезот во нашиот град ќе биде уште поатрактивен.

Со косење, потхранување и наводнување, ќе се одржуваат и зелените површини во населените места: Мрзенци, Негорци, Прдејци, Смоквица, Милетково, Миравци, Давидово, Богородица, Моин и Ново Конско. Освен зелени површини, во некои населени места како што се Миравци, Богородица, Мрзенци и други, се косат и фудбалски игралишта, каде што се одржуват фудбалски турнири

и други натпревари. Покрај редовни сезонски активности во овие населени места за време на верски празници, панаѓури и други културни манифестации, ќе се врши вонредно косење, кастрење и средување на просторот. Со вакви активности ќе бидат опфатени и викенд населбите Хума, Конско и Смрдлива Вода.

Зелените површини околу колективните објекти за домување, редовно ќе се косат и чистат од смет и друг отпаден материјал. Тоа се зелени површини на ул. Илинденска, К.Неделковски, Љубљанска, Г.Делчев, Булевар, Д.Ковачев, С.Михајлов, Титоградска, Загребска и повеќе други места.

Повеќе пати во годината ќе се врши косење и кастрење на банкините на патните правци што водат до населени места и викенд населбите во општина Гевгелија, како и рекреативните патеки на Вардарски рид и околината околу археолошкиот локалитет.

Во зимскиот период ќе се врши сезонско кастрење и обликување на дрвата и дрворедите по улиците во градот и населените места, дрва и грмушести растенија во парковите, како и кастрење на растенија кои ја попречуваат прегледноста на собраќајната сигнализација со цел побезбеден сообраќај, безбедни пешаци и убав изглед на градот и општината. Редовно ќе се собираат паднати лисја низ улиците, тротоарите и јавните површини.

Во стопанскиот двор на претпријатието се организира сопствено производство на расад за цвеќе. Се произведува расад за зимска и летна сеидба на цвеќе кој се сади на површини како во градот, така и во населени места. Се врши садење, жилење и на други растенија, дрвца и грмушести растенија. Во 2026 ќе се задржи иста бројка на производство на цвеќе како и во 2025 година.

Вработените во секторот "Паркови и зеленило" ќе учествуваат во одржување, поправање, реконструкција и монтирање на урбана опрема во општината. Тука спаѓаат: детски игралишта и лулашки, клупите за седење по парковите, плоштадот и улиците, фонтани, тротоари, монтирање бина за одржување на културно забавни манифестации, поставување штандови за изложување и продавање на разни производи и сл.

**Табела со локации и површини каде ќе се врши косење и наводнување на паркови:**

| Реден број | Зелени површини | Површина |
|---|---|---|
| 1. | Парк Чекори | 2000 м² |
| 2. | Парк Булевар | 5000 м² |
| 3. | Владо Кантарџиев | 350 м² |
| 4. | Парк Пиперана | 600 м² |
| 5. | Парк Конти | 6500 м² |
| 6. | Парк Трансбалкан | 4700 м² |
| 7. | Парк Железничка | 3500 м² |
| 8. | Кружен тек "Слободан Митров Данко" | 400 м² |
| 9. | Автобуска станица | 400 м² |
| 10. | Водна заедница | 400 м² |
| 11. | Парк Театар | 1500 м² |

| | | |
|---|---|---|
| 12. | Шеталиште | 600 м² |
| 13. | Парк Општински суд | 1000 м² |
| 14. | Костурница | 1150 м² |
| 15. | Парк Виолета | 3160 м² |
| 16. | Касарна – Кружен тек | 450 м² |
| 17. | Канал “Рауљ” | 3000 м² |
| 18. | Кружен тек Бакарди | 200 м² |
| 19. | Кружен тек Булевар | 500 м² |
| 20. | Парк и зелени површини во Миравци | 5000 м² |
| 21. | Парк и зелени површини во Смоквица | 2000 м² |
| 22. | Парк и зелени површини во Прдејци | 2000 м² |
| 23. | Парк и зелени површини во Богородица | 3000 м² |
| 24. | Парк и зелени површини во Негорци | 4000 м² |
| 25. | Зелени површини во Моин | 1000 м² |
| 26. | Зелени површини во Ново Конско | 2000 м² |
| 27. | Рекреастивно место Динќут | 4000 м² |
| 28. | Парк Ице Бегов | 500 м² |
| 29. | Кружен тек на влез на Гевгелија | 800 м² |
| 30. | Парк Миравци | 2000 м² |
| **Вкупно: 61.710 м²** | | |

**Зелени површини околу колективни објекти и други:**

| **Реден број** | **Зелени површини** | **Површина** |
|---|---|---|
| 1. | 11ти Октомври | 500 м² |
| 2. | Сава Михајлов | 7100 м² |
| 3. | Коле Неделковски | 3000 м² |
| 4. | Љубљанска | 3450 м² |
| 5. | Илинденска | 6300 м² |
| 6. | Околу градинка “Цветови” | 3170 м² |
| 7. | Гоце Делчев и кошаркарско игралиште | 2500 м² |
| 8. | Пионерски Дом | 2000 м² |
| 9. | Загребска | 540 м² |
| 10. | Титоградска | 500 м² |
| 11. | Царински бараки | 500 м² |

| | | |
|---|---|---|
| 12. | Булевар Гевгелија и Деко Ковачев | 5000 м² |
| 13. | Мултинаменско и тениско игралиште | 1500 м² |
| 14. | Влез на Гевгелија со надвозник | 6000 м² |
| **Вкупно: 42.060 м²** | | |

**ЈПКД „Комуналец“ Гевгелија**

**Директор: Раско Чочков**